Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## За обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци

**Вовед**

Општина Кавадарци покрај постојаната поддршка на програми проекти за спортска и рекреативна активност на младите од градот кои се предуслов за правилен раст и развој на младите, континуирано инвестира во инфраструктурни објекти кои се во насока на оставрување на овие цели.

Правниот субјект кој стопанисува со лизгалиштето на мраз има обврска да овозможи бесплатно користење на лизгалиштето на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци заради одржување на часови по физичко образование и тоа три часа - 09:00-12:00 часот претпладне и од 13:00-16:00 часот попладне секој работен ден во периодот од декември 2022 година до март 2023 година, освен за време на зимскиот распуст.

**Цели на Програмата**

Со бесплатното користење на лизгалиштето на мраз ке се создадат услови за поголема спортска, едукативна и забавна активност на учениците од основните и средните училишта во градот, по однапред утврден распоред од училиштата предмет на оваа Програма и тоа:

| **ден** | **училиште** | **ТЕРМИН** | | | | | | **вкупно ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **9-10 часот** | **10-11 часот** | **11-12 часот** | **13-14 часот** | **14-15 часот** | **15-16 часот** | |
| **Понеделник** | **ОУ Страшо Пинџур ОУ Димката Ангелов Габерот Ваташа** | 40 ученици V одд | 40 ученици IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **СОУ Гимназија Добри Даскалов** | | | | | | I-II година | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вторник** | **ОУ Димката Ангелов Габерот Кавадарци** | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **СОУ Гимназија Добри Даскалов** | | | | | | III-IV година | |
| **Среда** | **ОУ Гоце Делчев** | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **СОУ Киро Спанџов Брко** | | | | | | I-II година | |
| | **СОУ Ѓорче Петров** | | | | | | I-II година | |
| **Четврток** | **ОУ Тошо Велков Пепето** | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **СОУ Киро Спанџов Брко** | | | | | | III-IV година | |
| | **СОУ Ѓорче Петров** | | | | | | III-IV година | |
| **Петок** | **ОУ Тоде Хаџи Тефов** | V одд | IV одд | III одд | VI-VII одд | VIII-IX одд | | 240 |
| | **НЕОПФАТЕНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА** | | | | | | VIII-IX одд | |
| | | | | | | | | **1200** |

| | | |
|---|---|---|
| Во текот на 1 недела | **1200** | ученици |

За спроведување на оваа Програма од Буџетот на општина Квадарци ке се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 600.000 денари –кои ке се трансфераат до ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадрци со намена за покривање на трошоци за електрична енергија за лизгалиште на мраз, заради остварување на јавен интерес - бесплатно спортско рекреативни активности на учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци.

Оваа Програма влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7742/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**